ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 09/24



23.05.2024 година

**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: „ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА" НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ**

Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје, на 202-та седница одржана на ден 26.02.2024 година, донесе Одлука бр.02-271/1 за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: "Дентална патологија" (30404-Фраскатиева класификација) по распишаниот Конкурс објавен во дневниот весник Вечер на ден 11.01.2024 година. Со одлука на наставно-научниот совет, на ден 26.02.2024 година формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа: "Дентална патологија" (30404-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Проф. д-р Славјанка Оџаклиевска, претседател;
2. Проф. д-р Илијана Муратовска,член;
3. Проф. д-р Лидија Поповска, член.

Рецензентската комисија врз основа на поднесената Пријава бр.03-135/1 од 15.01.2024 година, од страна на вонреден професор д-р Вера Стојановска, по нејзиното разгледување го поднесува следниов:

## РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, за избор на наставник во наставно-научно звање, за наставно-научна област: „Дентална патологија" (30404-Фраскатиева класификација), во предвидениот рок се пријави кандидатот вонреден професор д-р Вера Стојановска, која ги приложи следниве документи:

- Пријава за конкурс;
- Одлука бр.02-516/1 од 10.07.2019 година, за избор во наставно-научно звање вонреден професор од областа "Дентална патологија"(30404-Фраскатиева класификација);
- Професионална биографија (CV);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Диплома за завршено соодветно образование (научен степен доктор на науки);
- По еден примерок (копија) од најмалку 6 рецензирани научните трудови, објавени во референтни научни публикации, соогласно Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавување на конкурсот за избор;

- Документација за изведување на високообразовна дејност.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

**Д-р Вера Стојановска** вработена на Клиниката за болести на забите и ендодонтот, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св Пантелејмон" во Скопје и Факултетот за стоматологија при Европскиот Универзитет Скопје, е родена во Скопје на 29.06.1961 година.

**Универзитетско образование: Доктор-стоматолог**: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет Скопје во 31.03.1986 година.

**Магистер на стоматолошки науки** од областа болести на забите и ендодонтот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет, Скопје, со магистерски труд под наслов „Процена на атхезивната врска помеѓу композитните материјали и тврдите забни ткива со користење на атхезивни системи". Стоматолошки факултет, Скопје 2002 година.

**Доктор по стоматолошки науки:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет Скопје, со докторската дисертација под наслов „Ултраструктурна и физичка процена на силата на врзување помеѓу атхезивните површини на тврдите забни ткива и композитите при употреба на заштитни подлоги". Стоматолошки факултет Скопје 2011 година.

**Работно искуство**: Прво вработување на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје во 1989 година. Во 1995 година се здобила со звањето специјалист по кариологија и ендодонција. Во звањето помлад асистент била избрана во 1997 година на Катедрата болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје, реизбрана во 2000 година, а во 2003 година била избрана за асистент на истата Катедра. Во 2006 и 2009 година била реизбрана во истото звање.

Во 2014 година била избрана и вработена, како доцент, на Факултетот за стоматогија при Европскиот Универзитет Скопје.

Во 2019 година на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје е избрана во звање вонреден професор.

Член е на комисија за настава при Европски Универзитет Скопје.

Рецензент е и на повеќе домашни и странски трудови во Република Македонија и странство и член во рецензиони комисии за избор на соработници.

Активно учествува во организирање на симпозиумите, кои се организираат секоја година при Европски Универзитет Скопје.

Во комисијата за стручен испит десетина години е претседател или член на комисиите.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Активно била вклучена во практичната настава на Катедрата за болести на забите и ендодонтот на Стматолошкиот факултет при УКИМ. Практична настава: 1997/1998 до 2009/10 година ги води вежбите по предметите: Болести на заби - претклиника (2+4), Болести на заби 1 (1+3), Болести на заби 2 (1+3) и Болести на заби 3 (1+5), Болести на заби 4 (0+3) и консултации со студенти на сите предмети на кои ја изведувала наставата.

Во периодот 1996-2011 година била ментор на повеќе студентски теми презентирани на националните и интернационалните конгресите на студентите по стоматологија, од кои со едната ја освојува првата награда на конгресот на студенти по стоматологија во Охрид 2008 година.

Од 2014 година активно е вклучена во наставната дејност на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет Скопје, по предметите (македонски и англиски групи на студенти) :

- Историски развој на стоматологија со ергономија;
- Претклиничка кариологија 1, 2;
- Клиничка кариологија 1;
- Стоматолошка ренгенологија.

Во 2017 година учествувала на Првиот студентски конгрес при Универзитетот Гоце Делчев во Штип, како ментор на студенти по стоматологија од Европски Универзитет, со нивно активно учество.

Автор и коавтор на околу 100-тина стрчно научни труда во земјава и странство.

## СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Вера Стојановска била член (благајник 2004-2007 година) и (секретар-2013 година) на Здружението на специјалисти по Болести на забите и ендодонтот. Во 2013 година била член на Организационен комитет на 18-ти Конгрес на БаСС. Од Колаборациониот центар на Светската здравствена организација и Министерството за здравство добива сертификат за поминато калибрирање и тренинг за собирање и прикажување на податоци за оралното здравје во епидемиолошки и научни цели на територија на Р.Македонија од проф. д-р Никола Атанасов.

Д-р Вера Стојановска од 2009 до 2010 година била во Управен одбор при ЈЗУ Институт за медицина на труд на Р.Македонија, а во 2013 година била во Управен одбор при ЈЗУ Универзитетски клинички центар – „Св. Пантелејмон" во Скопје.

## СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ:

- Кавтор е на поглавје во книга со стручно-научни референци: „Современи дострели", Стоматолошки факултет, Скопје 2009 година (109-116) со насловот:

„Употреба на Gutta Flow како цемент за дефинитивна оптурација" - Поповска Л, Мирчева Е, Стојановска В, Муратовска И.

- Кавтор е на поглавје во книга: „Клиничка кариологија и терапевски постапки„- Поповска Л., Муратовска И., Стојановска В. Издадена книга 2017 година, Скопје, ISBN 978-608-245-212-8; COBISS-ID 103544074.

## ПРЕВОД НА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА:

- Четврто издание на „Базични критериуми за процена на оралното здравје, Основни методи" Скопје, 2006 година.

## СТУДИСКИ ПРЕСТОИ:

- 6-7.10. 1997 година кај д-р М.Крах во International Centar for dental education, Shaan, Ivoclar- Vivadent.
- 14-15.10. 2002 година кај д-р М.Ленхард – во International Centar for dental education, Shaan, Ivoclar- Vivadent.
- 10.1998 година кај д-р Гедошев, Сирона-Мајнхајм, Германија.
- 11.09-18-10. 2006 година кај проф. д-р Надица Митик на Стоматолошки факултет во Ниш, Република Србија.
- 10-21.12.2007 година кај д-р Волф и проф.д-р Штеле на Стоматолошки факултет во Хајделберг, Германија.

## УЧЕСТВО ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ:

Учесник во национален научен проект финансиран од Министерството за образование и наука со наслов: „Состојба на оралното и денталното здравје и потребниот третман на населението во Р. Македонија" од 2006 година.

Со постер и усни презентации учествувала на бројни конгреси во земјата и во странство а присусвувала и на симпозиуми, семинари и курсеви како предавач. Добитник е на повеќе благодарници, 2001година, 2002година, 2009година и за 40 години како и 50 години од основањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Д-р Вера Стојановска има земано и активно учество, како предавач на повеќе семинари и симпозиуми :

- Современи решенија за секојдневната стоматолошка практика. Усна презентација Меѓународен симпозиум, Прилеп 2015 година.
- Реставрација на парадонтално компромитирано забало. Модератор на меѓународен симпозиум, Скопје 2015 година.
- Патолошки ерозии и нивно клиничко решение. Усна презентација – Конгрес, Банско, Бугарија 2016 година

- Ерозивни лезии и современи решенија. Усна презентација – Симпозиум, Струмица -2016 година.

- Современи стоматолошки процедури. Модератор на меѓународен симпозиум. Куманово, 2016 година.

- Дентални фокуси и системски заболувања. Усна презентација - Симпозиум, Скопје – ЕУРМ 2017 година.

- Современ аспект на дијагноза и терапија во стоматолошките заболувања. Усна презентација – Меѓународен симпозиум, Ниш, Србија 2017година.

- Обтурирање и заштита на длабоките кавитети со атхезивни системи. Усна презентација - Симпозиум со меѓународно учество, Скопје 2018 година.

- Компарација помеѓу конвенционалните и новите атхезивни системи. Усна презентација – Симпозиум, Куманово 2019 година.

- Нови реставративни материјали – истражувања и пракса. Усна презентација – Пети научен конгрес, Пловдив, 30.04.2022 година.

- Поповска Л, Димовска Ц, Евросимовска Б, Стојановска В, Муратовска И, Цетенович Б,Маркович Д. Povezanost stvaranja IL-1β i karakteristika humanih periapikalnih lezija. Vojnosanit Pregl 2017; 74(12): 1134–1139.

- Mircheska M., Stojanovska V., Redzepi I., Popovska L. Evaluation of Apical Extrusion during Conventional Retreatment with Three Endodontic Systems. Balk J Dent Med, 2020;16-21

- Муратовска И.,Стојановска В.,Петков М. Соодносот помеѓу кариогени бактерии при длабок кариес и натриум хипоклорид и антибактерискиот мономер како антисептици.JAADE,2020;44

- Стојановска В, Поповска Л, Мирческа М, Цековска Ж, Дејановска Т, Ѓоргиева Б. Влијанието на озонот во инфицирани коренски канали: ин витро испитување IDEA Int. J.Sci.Arts. 4(2020)8:129-136

- Радојкова-Николова В., Николовски Б., Поповска М., Ципунова Б., Тошевска Спасова Н., Стојановска В. Остеопороза и парадонтално здравје. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид 15-18.09.2022 година.

- Радојкова-Николова В., Николовски Б., Поповска М., Ципунова Б., Тошевска Спасова Н., Стојановска В. Ефектите на прогестеронот врз парадонталното здравје во период на менопауза. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид 15-18.09.2022 година.

- Стојановска В., Муратовска И., Мирческа М., Алексовска Д., Рецепи И. Антибактериски ефект на материјалите за ендодонтска оптурација брз бактеријата enterococcus faecalis во корелација со Пх– параметарот. IDEA Int. J.Sci.Arts. 6(2022)12:211-220

- Мирческа М., Поповска Л., Рецеп Е., Стојановска В., Костадиновска Е. Современи трендови во стоматологија: апликација на ботокс при одредени терапевтски дентални процедури. IDEA Int. J.Sci.Arts. 6(2022)12:191-201
- Radojkova-Nikolovska V, Popovska M, Nikolovski B, Dzipunova B, Tosheska Spasova N, Stojanovska V. Adverse drug reaction- oral manifestations. 9 th Congress of Macedonian dental society with international participation 15th-18th September 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia, Book of abstracts p 175
- Radojkova Nikolovska Vera, Toseska Spasova Natasa, Dzipunova Biljana, Nikolovski Bruno, Stojanovska Vera. Influence of progesterone on gingival health in puberty girls. 21. Kongres stomatologa Srbije, 20–21. oktobar 2022, Zbornik sazetaka p 82-83
- Radojkova Nikolovska V, Nikolovski B, Dzipunova B, Toseska Spasova N, Stojanovska V, Spasovski S. Oral signs of adverse drug reactions. 26 th Congress of the BaSS -Current trends and advances in Dentistry,2023, Skopje, Republic of North Macedonia, Book of abstracts OP126 p 163
- Muratovska I., Stojanovska V., Drita V., Gjorgjieva B., Redzepi I., Dzipunova B. Analysis of Ari index and enamel microcracks after removial of orthodontic brackets – in vitro study. 26 th Congress of the BaSS -Current trends and advances in Dentistry, 2023, Skopje, Republic of North Macedonia, Book of abstracts OP95 p 143
- Nikolic M., Mitic A.,Petrovic J., Dimitrijevic D., Popovic J., Stosic N., Stojanovska V. Detrming the Impact of the COVID-19 pandemic on dental care in the Serbian adult population: an online questionnaire- based study. Med Sci Monit, 2023;29:e939238
- Zabokova-Bilbilova E, Stojanovska V, Pecakov K, Stefanoska T. Effect of fluoride on prevention of demineralization on enamel during the orthodontic treatment.. Stomatološki vjesnik 2023; 12 (2)
- Вера Стојановска. Атхезивни системи и заштитни подлоги. Монографија.

**За овој конкурс ги приложува следните трудови :**

1. Стојановска В., Поповска Л., Мирческа М., Цековска Ж., Дејановска Т., Ѓоргиева Б. Влијанието на озонот во инфицирани коренски канали: ин витро испитување IDEA Int. J.Sci.Arts. 4(2020)8:129-136;
2. Стојановска В., Муратовска И., Мирческа М., Алексовска Д., Рецепи И. Антибактериски ефект на материјалите за ендодонтска оптурација брз бактеријата enterococcus faecalis во корелација со Пх- параметарот. IDEA Int. J.Sci.Arts. 6(2022)12:211-220;
3. Mircheska M., Stojanovska V., Redzepi I., Popovska L. Evaluation of Apical Extrusion during Conventional Retreatment with Three Endodontic Systems. Balk J Dent Med, 2020;16-21;

4. Мирческа М., Поповска Л., Реџеп Е., Стојановска В., Костадиновска Е. Современи трендови во стоматологија: апликација на ботокс при одредени терапевтски дентални процедури. IDEA Int. J.Sci.Arts. 6(2022)12:191-201;
5. Nikolic M., Mitic A.,Petrovic J., Dimitrijevic D., Popovic J., Stosic N., Stojanovska V. Detrming the Impact of the COVID-19 pandemic on dental care in the Serbian adult population: an online questionnaire- based study. Med Sci Monit, 2023;29:e939238;
6. Zabokova-Bilbilova E., Stojanovska V., Pecakov K.l, Stefanoska T. Effect of fluoride on prevention of demineralization on enamel during the orthodontic treatment.. Stomatološki vjesnik 2023; 12 (2);
7. Муратовска И.,Стојановска В.,Петков М. Соодносот помеѓу кариогени бактерии при длабок кариес и натриум хипоклорид и антибактерискиот мономер како антисептици.JAADE,2020;44;
8. Поповска Л, Димовска Ц, Евросимовска Б, Стојановска В, Муратовска И, Б,Маркович Д. Povezanost stvaranja IL-1β i karakteristika humanih periapikalnih lezija. Vojnosanit Pregl 2017; 74(12): 1134–1139;
9. Стојановска Вера. Атхезивни системи и заштитни подлоги. Монографија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По темелното разгледување на доставената документација од страна на проф. д-р Вера Стојановска м-р д-р сци, која се пријави на конкурсот за избор на наставник од наставно-научна област „Дентална патологија", може да се констатира дека во целост ги исполнува формалните и суштинските критериуми и услови потербни за избор на наставник.

Имајќи ги предвид севкупните резултати на кандидатката, членовите на Рецензентската комисија едногласно го изразија задоволството да му предложат на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Еропски универзитет Скопје **вонреден професор д-р Вера Стојановска м-р д-р. сци** да биде избрана во наставно-научно звање **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** од наставно – научна област „Дентална патологија" (30404-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Славјанка Оџаклиевска, претседател

   ______________________________

2. Проф. д-р Илијана Муратовска, член

   ______________________________

3. Проф. д-р Лидија Поповска, член

   ______________________________